[redacted]

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**Министерство за труд и социјална политика**

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено | 02. 10. 2015 | | |
|---|---|---|---|
| Организација | Број | Прилог | Вредност |
| 41 | 9821/2 | | |

Влада на Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 17-8567/2
01-10-2015 год.

Даме Груев бр.14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3 106 212
(02) 3 106 214
Сајт:www.mtsp.gov.mk

**До**

**Влада на Република Македонија**
**Генерален Секретаријат -Одделение за соработка со невладини организации**

**Здружение за еднакви можности Езерка, Струга**

Предмет: Произнесување по однос на предлог за политики
Врска: Ваш број 41-9821/1 од 22.09.2015

Почитувани,

Министерството за труд и социјална политика го поздравува предлогот за продолжување со борбата против организираниот криминал вклучувајќи ја и трговијата со луѓе и владеење на правото од Здружението за еднакви можности „Езерка„ од Струга.

Предлогот е релевантен и прифатлив во однос на политиките и програмата која ја спроведува Министерството за труд и социјална политика и истиот е во согласност со приоритетите истакнати во Националната стратегија и акциски план за борба против трговија со луѓе 2013-2016 година.

**Со почит,**

**МИНИСТЕР**
**Диме Спасов**

Изработил: Светлана Цветковска
Одобрил: Ѓултен Мустафова

Република Македонија
**Министерство за здравство**

Бр. 18-9702/2
08.10.2015 година
Скопје 09-10-2015

Министерство за здравство
-Сектор за стратешко планирање, креирање политики и следење

50-та Дивизија б.б.

ДО
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
-Генерален секретаријат

Скопје

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 09-10-2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 41 | 9821/3 | | |

**Предмет:** Одговор по предлог
**Врска:** Ваш бр. 41-9821/1
од 22. 09. 2015 год.

Почитувани,
Ве известуваме дека Министерството за здравство го разгледа Предлогот на Здружението за еднакви можности Езерка од Струга за отварање на инфективно одделение во ЈЗУ Општата болница Струга истовремено поддржано и од вработените на болницата и ЈЗУ здравствениот дом Струга за што заклучи дека, најпрво е потребно да се извршат детални анализи и проценка на состојбата со што би се утврдило:

1. бројот на пациентите кои имаат проблеми со инфективните болести посебно регистрирани по месеци/квартали
2. број на хоспитализирани и препратени пациенти - деца, како и деца кои се дневно болнички згрижени на детското одделение во Струга
3. број на хоспитализирани пациенти во Охрид и Скопје, а потекнуваат од општина Струга,
4. просторно решение на ова одделение,
5. потребни кадри и временска рамка во која би биле спремни за работа како и
6. фискални импликации за целиот овој процес.

Вака подготвена оваа анализа понатаму треба да се достави до Комисијата за заразни болести која работи во рамки на Министерството за здравство, како и до Фондот за здравственото осигурување на Македонија. Мислењето на овие релевантни институции по однос на ова прашање ке има влијание врз донесувањето на соодветна одлука.

Подготви: Анка Георгиевска
Одобри: Јован Грповски

Заменик министер,

М-р Јовица АНДОВСКИ